Верувале или Не: Антикорупциски скандал
Пресудата во предметот се засновува врз (скандалозен) пропуст во истрагата. Имено:

Постапувајќи во кривичен предмет, ниту вештаците ниту судијата не забележале дека на Договор службено приложен во списите има печат „ОДБРАНА“; „ДРЖАВНА ТАЈНА“; „СТРОГО ПОВЕРЛИВО“ како и тоа дека во член 13 од истиот пишува дека се што е поврзано со тој договор мора да биде класифицирано. Судот донел кривична пресуда во која овој факт не е констатиран, напротив Судот овој договор го извел како доказ и го читал, но не го дал на увид на обвинетите.
(Предмет 349-09 Љубен Пауновски)

„... Никој невин да не биде осуден но и никој виновен да не остане неказнет за делото што го сторил ...“
Битна е вистината и правото, а не како така решен кривичен предмет!

Господинот Пауновски се обрати до Транспарентност Нулта Корупција со Претставка во која побара да се направи увид во законитоста на постапувањата на овластените органи и на Судот, во кривичната постапка која била водена против него, и која завршила со осудителна пресуда.

Бидејќи веројатниот исход би бил поинаков со што било попречено вистината да излезе на виделина:
на наше барање, тој дополнително направи увид во судските списи на предметот и ни достави фото копија на Договор за ускладиштување, чување и обновување на стоковни резерви од 1994 година.

Кога на господинот Пауновски, од наша страна му беше посочено дека на првата страница на примерокот од Договорот има печати за степени на доверливост тој изјави дека досега тоа нему не му било познато ниту предочено од било кој.

Во членот 13 на истиот договорните страни се повикуваат на обврска дека:
„Податоците од овој доовор и неговите подоцни измени и дополненија, како и целокупната документација во врска со неговата реализација, се смета з службена тајна во смисла на член 5 топка 5 од Уредбата за критериумите и мерките за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната (“Сл. весник на Република Македонија” бр.59/92) и ќе се степенува со „ОДБРАНА“ - „ДРЖАВНА ТАЈНА“ - „СТРОГО ПОВЕРЛИВО“. Истото како и целокупната документација и податоци во врска со овој договор ќе се применуваат овие мерки з заштита на тајност на податоците.“ Согласно ова општите правила за јавни набавки не можеле да бидат применети во овој случај.

Уште повеќе што за овие околности Транспарентност Нулта Корупција на 12.02 2010 година го извести:

- Врховниот Суд на Република Македонија од каде добивме одговор;
- Државното Правобранителство од каде добивме одговор;
- Јавното Обвинителство и Основното Јавно обвинителство во Скопје од кои досега нема добиено никаков одговор;
- Министерството за Правда;
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија; и

Правниот преглед во врска со овој предмет изготвен од Транспарентност Нулта Корупција како и добиените одговори од органите на кои истото им е доставено се изложени на веб страницата на здружението.
http://www.transparency.org.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=579&Itemid=77